**ЗАПИСНИК**
**од 37-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 24.11.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата, беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, д-р Ирена Бојаџиевска, Билјана П. Парлеева, Катерина Доневска, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска, Илија Витков.

**Други присутни:** Елена Наковска од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, во врска со предложениот дневен ред, информира дека под Разно е предложена точка со наслов: Информација за измена на Анекс бр.3 и Анекс бр.4 кон Договорот за градење на административен објект Палата „Панко Брашнаров“.

Советот на Агенцијата, едногласно, со седум гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.11.2015 година.

2. Предлог-одлука за промена на сопственичка структура на РТД РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје.

3. Нацрт-Ревизија за Национална Програма за усвојување на европското законодавство НПАА 2016.

4. Информација за донесена Одлука за поништување на јавна набавка-стока: монтирање и набавка на автомобилски гуми и дополнителна опрема.

5. Предлог-одлука за набавка и монтирање на зимски автомобилски гуми за службено возило на Агенцијата.

6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.11.2015 година.

Г-дин Трајчев, во врска со содржината, имаше забелешка на страна 11 од записникот и предложи во пасусот од неговата дискусија, зборот „формулација“ да се замени со зборот „конотација“.

Советот на Агенцијата, со забелешката од г-дин Трајчев, едногласно го усвои записникот од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.11.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Соработникот од одделението за стратешко планирање, Катерина Доневска, ја објасни предложената Одлука за промена на сопственичка структура на РТД РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје**.**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-1068 од 20.11.2015 година и едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на РТД РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, со текст како што беше предложена.

Со предложените промени на сопственичката структура на РТД РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и тие не се спротивни на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, да достави допис до РТД РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, со кое ќе го задолжи, по извршената промена до Агенцијата да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, м-р Драгица Љубевска, ја образложи Нацрт-ревизијата за Национална Програма за усвојување на европското законодавство НПАА 2016. Објасни дека Секретаријатот за европски прашања достави барање до сите институции кои се вклучени во процесот на усогласување на националното со европското законодавство, да достават свој материјал за ревизија на Националната Програма за усвојување на европското законодавство-НПАА 2016. Материјалот ги отсликува редовните активности на Агенцијата кои се усогласени со предвидените активности во Годишната програма за работа на Агенцијата и воедно ги зема во предвид другите документи (стратегии и програми) на Агенцијата кои веќе утврдуваат мерки со рок за имплементација за 2016 година. При утврдување на мерките и активностите за НПАА 2016 беа земени во предвид и активностите на Агенцијата за

следење на изборното медиумско претставување за предвремените парламентарни избори. Матично поглавје на АААВМУ е поглавјето 3.10. Информатичко општество и медиуми, подрачје 3.10.3 Аудиовизуелна политика каде и Европската комисија во својот Извештај за напредокот на Република Македонија во процесот на Европска интеграција ги дава наодите и забелешките кои се однесуваат на Агенцијата. Во однос на изборите, Европската комисија секогаш ги дава своите наоди и забелешки во делот на 1.Политички критериуми, подрачје 1.2. Граѓански и политички права, па оттука и материјалот кој се предлага е структурира на тој принцип. Динамиката на активностите околу усвојување на Националната програма за усвојување на европското законодавство НПАА 2016 се со следните рокови: Доставување на материјалот (наративен дел и матрица) до Секретаријатот за европски прашања до 25.11.2015, работилница со сите работни групи по поглавја од 1-4 декември 2015 за интегрирање на материјалот од сите институции и пуштање на Националната Програма за усвојување на европското законодавство НПАА 2016 во владина постапка од страна на СЕП и усвојување на НПАА 2016.

Советот на Агенцијата ја усвои предложената информација за Нацрт-ревизија на Национална Програма за усвојување на европското законодавство НПАА 2016, бр.01-6671/1 од 23.11.2015 година.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи информацијата за донесена Одлука за поништување на јавната набавка-стока: монтирање и набавка на автомобилски гуми и дополнителна опрема. Објасни дека Советот на една од претходните седници, даде одобрение да се донесе Одлука за потреба од спроведување на наведената јавна набавка и согласно на тоа започна постапката. Информира дека за вториот дел – автопотрошен материјал и опрема, не беше доставена ниту една понуда. За првиот дел - зимски пневматици (автомобилски гуми), за VOLKSWAGEN PASSAT B8, тип на возило: 1.6 TDI BMT 120 KS, беа доставени 2 (две) понуди, и тоа: на Друштвото за трговија и услуги МУЛТИБРЕНД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и на Друштвото за производство, трговија и услуги ТДА ТРЕЈД ДОО увоз-извоз Скопје. По завршување на е-аукцијата, прворангиран беше понудувачот Друштвото за трговија и услуги МУЛТИБРЕНД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје. Но, бидејќи во техничката спецификација не смее да биде наведен типот на гумите кои и се потребни на Агенцијата, кога од избраната фирма била побарана информација за каков тип на автомобилски гуми се работи, одговориле дека ќе достават гуми од кинеско производство. Секторот за јавни набавки и општи работи направил проверка на веб-страницата на фирмата и констатирал дека гумите кои се понудени на Агенцијата по цена од 7,000.00 денари со ДДВ, на веб-страницата на ДТУ МУЛТИБРЕНД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, се со износ од 3,000.00 денари. Потоа, по електронска пошта до Агенцијата, истата фирма за автомобилските гуми доставила друга цена од 4000,00 денари. Од таа причина Комисијата за јавни набавки предложила да се донесе Одлука за поништување поради цени кои се понеповолни од реалните цени на пазарот. Г-дин Трајчевски предочи дека од наведените причини е предложена следната точка во дневниот ред, бидејќи со спроведување на набавка од мала вредност може да се набават поквалитетни гуми со пониска цена.

Г-дин Петрушевски, рече дека Законот за јавни набавки во вакви случаи го штити договорниот орган, затоа што може да се случи на е-аукција да се добие цена што е понеповолна од пазарната. Во таков случај одговорното лице на договорниот орган има право и обврска да ја поништи јавната набавка. Таа ставка во Законот за јавни набавки

е направена токму за вакви случаи и директорот на Агенцијата сосема оправдано ја има употребено. Се изјасни дека ја поддржува предложената информација.

Советот на Агенцијата ја усвои Информацијата бр.05-6655/1 од 20.11.2015 година, за донесена Одлука за поништување на јавна набавка-стока: монтирање и набавка на автомобилски гуми и дополнителна опрема, бр.05-5671/13 од 19.11.2015 година.

**Точка 5**

Раководителката на одделението јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, ја образложи предложената Одлука за набавка и монтирање на зимски автомобилски гуми за службено возило на Агенцијата.

Г-дин Трајчевски појасни дека со спроведување на јавната набавка од мала вредност, се постигна целта да се избере фирма која понуди квалитетни зимски автомобилски гуми (пневматици) BRIDGESTONE LM32 99H, со најповолна цена, со оглед на фактот дека станува збор за гуми од реномиран светски производувач, за разлика од другите понудувачи кои понудија поскапи гуми и од кинеско производство.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-6642/2 од 20.11.2015 година и едногласно даде одобрување за донесување Одлука за набавка и монтирање на зимски автомобилски гуми (пневматици) за новото службено моторно возило во сопственост на Агенцијата - VOLKSWAGEN PASSAT B8, тип на возило:1.6 TDI BMT 120 KS, со која се одобруваат финансиски средства (во износ од 23.728,81 денари, без вклучен ДДВ и износ на ДДВ кој се пресметува посебно и изнесува 4.271,00 денари – вкупна цена со вклучен ДДВ изнесува 28.000,00 денари), според доставената и избрана понуда, бр.05-6648/1 од 20.11.2015 година, од страна на ДТУ „ЕВРОПА ГУМИ“ ДОО Скопје.

За реализирање на горенаведената јавна набавка, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Точка 6**

Разно

Г-дин Трајчевски, даде информација за направената измена на Анекс бр.3 и Анекс бр.4 кон Договорот за градење на административен објект Палата „Панко Брашнаров“. Објасни дека пред неколку седници наназад, Советот на Агенцијата даде одобрение да се потпишат наведените анекси. Во меѓувреме од Службата за општи и заеднички работи пратиле известување дека се направени одредени измени во анексите. Објасни дека не станува збор за класични, технички грешки, туку се јавила потреба подетално да бидат објаснети некои членови во анексите, но, потенцира дека износот не се менува, останува ист. Објасни, за да се направи споредба, до сите членови на Советот како материјал доставени се анексите 3 и 4 за кои на 35-та седница Советот даде одобрение и сегашните анекси, во кои се подвлечени измените кои се направени.

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, објасни дека покрај техничките корекции на архивските броеви на цитираните извештаи направени се следните измени: Во Анекс бр.3 е посочено дека

“вишоците на работи, согласно претходно доставените ситуации од страна на изведувачот во износ од 10.378,50 без ДД се исплатени од страна на инвеститорите...“ а остатокот ќе се плати сразмерно на процентот на квадратурата. Вкупната вредност на вишоците за исплата со вклучен данок на додадена вредност останува иста, т.е изнесува 10.567.481,00 денари. Во Анекс бр.4 додаден е пасус дека „горенаведените вишоци на работи ќе му бидат исплатени на изведувачот, од страна на инвеститорите сразмерно на процентот на квадратурата во објектот наведен во член 18 од Основниот договор“.

**Бр. 02-6644/6**
**01.12.2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**